Уп. бр. 08-154

Комисијата за заштита на конкуренцијата , врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и Службен весник на Република Северна Македонија 208/24), постапувајќи по известување за концентрација поднесено Акционерско осигурително брокерско друштво ВФП АД Скопје, со седиште на бул.Кочо Рацин бр.3 влез 2 кат 2 Скопје – Центар, Република Северна Македонија, на седницата одржана на ден 17.12.2024 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

1.Се утврдува дека концентрацијата со која Акционерско осигурително брокерско друштво ВФП АД Скопје, со седиште на бул.Кочо Рацин бр.3 влез 2 кат 2 Скопје – Центар, Република Северна, ќе стекне 50,01% акции во Брокерска куќа ИНОВО БРОКЕР АД Скопје, со седиште на бул.Теодисиј Гологанов бр.60-1 кат 2 Скопје – Центар, Република Северна Македонија, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот) на ден 21.11.2024 година до Комисијата за заштита на

конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) доставено е известување за концентрација од Акционерско осигурително брокерско друштво ВФП АД Скопје, со седиште на бул.Кочо Рацин бр.3 влез 2 кат 2 Скопје, со која ВФП АД Скопје, ќе стекне 50,01% акции во Брокерска куќа ИНОВО БРОКЕР АД Скопје, со седиште на бул.Теодисиј Гологанов бр.60-1 кат 2 Скопје – Центар, Република Северна Македонија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

-**Акционерското осигурително брокерско друштво ВФП АД Скопје** е дел од групацијата за финансиско советување WVP Group од Грац, Република Австрија. ВФП групацијата е пионер во полето на напредни финансиски услуги, застапена на просторот на Централна и Југоисточна Европа. Групацијата е основана во 1985 година, во Грац, Република Австрија. Приоритетната дејност на ВФП Групацијата е посредување и продажба на осигурителни и финансиски продукти во 15 земји во Централна и Југоисточна Европа повеќе од 30 години. Групацијата, освен во Р.Австрија е присутна преку правни лица и во Р.Босна и Херцеговина, Р.Бугарија, Р.Хрватска, Р.Украина, Р.Молдавија, Р.Србија. Р.Црна Гора, Р.Албанија, како и Р.Северна Македонија.

-Акционерското осигурително брокерско друштво ВФП АД Скопје е едно од правните лица кои се дел од ВФП Групацијата. Основано е во Република Северна Македонија на 16.05.2005 година и во согласност со законските прописи поседува дозвола за вршење на дејност од Агенцијата за сувервизија на осигурување на Република Северна Македонија. Најголем акционер на компанијата ВФП АД Скопје е WVP-Versicherungs-Vermittlungs -Ges.m.b.H, Р. Австрија, која поседува 77,85% од акциите на ВФП АД Скопје. Главната дејност на компанијата е поврзана со дејности за застапници во осигурување и осигурителни посредници на пазарот на Република Северна Македонија.

-**Брокерската куќа ИНОВО БРОКЕР АД Скопје** е член на Македонска Берза АД Скопје и на Централниот Депозитар за хартии од вредност АД Скопје. Основана е на 24.10.2005 година и е овластена за тргување со хартии од вредност на Македонската берза. Приоритетната дејност на ИНОВО БРОКЕР се дејности на посредување во работењето со хартии од вредност и стокови договори. ИНОВО БРОКЕР врши работи на купување и продавање на хартии од вредност по налог и за сметка на клиентите, дејствува како покровител при котации, се занимава со инвестиционо советување, како и прием и пренос на налози за купување и продавање хартии од вредност на странски пазари на хартии од вредност.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**